# Поврзување и обединување

*Интернет-магазинот за младата уметност и култура - ZAYAC, вечерва, во 20 часот, во галеријата CIX, ќе го промовира своето ново издание*

Во најновиот број со свои проекти ќе се претставаат: Кристина Миљановска, Емил Петров, Маја Цартовска, Иванка Апостолова, Сашко Илов, Никола Танутовски, Христијан Панев... И во овој број се поместени рецензии, текстови, концепти, проекти и други авторски трудови, кои се поврзани со изложбените и со културолошките аспекти на современите и на електронските уметности во Македонија.

Активностите на ZAYAC се однесуваат на следење на случувањата на уметничката сцена, активно учествување на неа, посредување меѓу луѓето чија определба е уметноста и оние чија определба е информатиката и современите комуникациски системи. Основната цел на ова Интернет-списание е обединување на луѓето, кои сакаат активно да учествуваат во создавањето на младата уметничка сцена, што, својот простор за дејствување го наоѓа во современите уметности и во нивната поврзаност со новите технологии. Тоа, според нив, ќе резултира со можност за брзо дејствување и подигнување на квалитетот на културниот живот кај младите генерации. **И.Т**